# БОРЧЕ И ЦВЕТКО

Борче и Цветко се другари. Но тие се многу различни.



Борче секое утро станува навреме. Бргу си ги мие рацете и лицето,се облекува и се чешла. По појадокот тој не заборава да си ги мие забите.

Цветко не сака да станува рано. Потоа нема време да се мие и секогаш заборава да се чешла. Тој никогаш не знае каде му е чантата. А таа, фрлена во некој агол, молчи, не се кажува. Затоа Цветко често доцни на училиште.



I Кои од овие зборови може да ги кажеме за Борче, а кои за Цветко. Напишете ги под имињата:

чист
вреден
бушав
немиен
нечист
мрзлив
измиен
исчешлан

| Борче | Цветко |
|---|---|
| вреден | мрзлив |
| | |
| | |
| | |

II ШТО ПРАВИМЕ НАУТРО

а) Што прави Борче наутро?



7:30 7:40 7:50 8:10 8:20

Погледнете ги сликите и дополнете ги испуштените зборови. Ќе ги најдете во четивото.

Во 7:30 Борче станува ________.

Во 7:40 тој ________ и потоа ________.

Во 8:10 Борче ________ и после појадокот секогаш ________.

б) Што правиш ти наутро?
По кој ред ги правите овие работи наутро?
Ставете броеви:

☐ Јас појадувам.

☐ Си го мијам лицето.

1 Јас станувам во ________ часот.

☐ Се облекувам.

☐ Си го местам креветот.

☐ Се чешлам.

☐ Си ги мијам забите.

☐ Јас одам на училиште во ________ часот.

## III **БРОЕВИ**

а) Напишете ги броевите со зборови:

| 20 | 30 | 40 |
|---|---|---|
| дваесет | ____________ | ____________ |
| 50 | 60 | 70 |
| ____________ | ____________ | ____________ |
| 80 | 90 | 100 |
| ____________ | ____________ | ____________ |

дваесет
педесет
осумдесет
триесет
сто
шеесет
деведесет
седумдесет
четириесет

б) Да го испитуваме саатот




Напишете ги броевите со зборови:

1. Еден саат има ш е е с е т минути.
2. Една минута има ____________ секунди.
3. Половина саат има ____________ минути.
4. Од 12 до 1 има п е т минути.
5. Од 12 до 2 има ____________ минути.
6. Од 12 до 4 има ____________ минути.
7. Од 12 до 8 има ____________ минути.
8. Од 12 до 10 има ____________ минути.

# IV ДЕЛОВИ НА ДЕНОТ

Кога сонцето ќе изгрее велиме дека е УТРО. Тогаш сите станувaат и си велат "ДОБРО УТРО". Кога јадеме наутро тоа е ПОЈАДОК. Наутро луѓето одат на работа, а децата на училиште.

На ПЛАДНЕ  е високо на небото. Тогаш е токму дванаесет саатот.

Времето од утро до пладне се вика ПРЕТПЛАДНЕ. После 12:00 е ПОПЛАДНЕ. Тогаш имаме РУЧЕК. Ако се вратиме дома попладне велиме "ДОБАР ДЕН".

Кога ќе зајде  велиме дека е ВЕЧЕР. Тогаш луѓето си велат "ДОБРОВЕЧЕР". Навечер имаме ВЕЧЕРА.

Ноќе е темно и на небото има  и  . Луѓето си велат "ДОБРА НОЌ" и одат да спијат.

а) Кога велиме дека е: утро, пладне, претпладне ,попладне, вечер и ноќ ?

б) Пополнете ја табелата:

| | поздравуваме | јадеме |
|---|---|---|
| наутро | Добро утро | појадок |
| попладне | | |
| навечер | | |

# 5. БОРЧЕ И ЦВЕТКО

I Напишете ги испуштените зборови:

Во сабота Весна ______________ во седум часот. ______ се мие и се облекува. Потоа пие млеко и __________ леб, сирење и салама. ____ осум и пол Весна оди на базенот. Таа __________ од 9 до 11 часот.

II Одберете го точниот збор:

1. Зајакот ( трча / трчам ) брзо.
2. Јас ( свирам/ свири ) на гитара.
3. Мравките ( работи / работат ) цело лето.
4. Ние ( сакаат / сакаме ) сладолед.
5. Дали ти ( стануваш / станува ) рано?
6. Каков сок ( сакаме / сакате ) вие?

III Поврзете ги прашањата и одговорите:

| | |
|---|---|
| 1. Каде е Весна? | а) На Тони. |
| 2. Чија е оваа книга? | б) Тетка Нада. |
| 3. Кој дојде? | в) Да, благодарам. |
| 4. Што правиш, Соња? | г) Во кујната. |
| 5. Дали сакаш сок? | д) Читам. |

IV Напишете ги испуштените букви во зборовите:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ц | ли _ е | се _ ешла | _ анта |
| Ч | у _ ител | ср _ е | ве _ ер |